Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" бр.74/15 и бр.120/18), како и член 59 и 60 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Врховниот суд на Република Македонија 03Су.бр.893/18 од 12.12.2018 година и согласност од Министерство за финансии бр.18-12242/2 од 31.12.2019 година,

**ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**објавува**
**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2020**
**за вработување на 5 (пет) лица на определено време на следните работни места:**

**1. Хаус мајстор - 1 (еден) извршител**
Посебни услови:
- најмалку средно стручно образование
- со или без работно искуство

**2. Хигиеничар - 4 (четири) извршители**
Посебни услови:
- завршено средно образование
- со или без работно искуство

Покрај наведените посебни услови, предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Врховниот суд на Република Македонија, кандидатот треба да ги исполнува и следниве општи услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

-За работното место 1. Хаус мајстор
Дневно работно време 8 часа, од 7:30 часот до 15:30 часот;
Дневна пауза: 11:00-11:30 часот;
Основна нето плата: 16.792,00 денари

-За работното место 2. Хигиеничар
Дневно работно време 8 часа, од 13:00 часот до 21:00 часот;
Дневна пауза: 18:00-18:30 часот;
Основна нето плата: 14.502,00 денари

Времетраење на работниот однос: определено до 31.12.2020 година.

Кандидатите се должни да поднесат молба за вработување и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар.

Молбата, покрај доказите, задолжително треба да содржи: име и презиме на кандидатот поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на кандидатот, е-меил адреса или контакт телефон.

Рокот за поднесување на молбите изнесува 3 (три) работни дена. Рокот за пријавување започнува да тече од денот на последното објавување.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Молбата со доказите, кандидатите се должни да ја достават непосредно во приемното одделение на судот, во работно време или по пошта на адреса:

**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Бул.Крсте Мисирков бр.8 Скопје**
**(со назнака за Јавен оглас број - 1/20)**

Ненавремените, нецелосно пополнети, неуредни и некомплетни молби нема да се разгледуваат.

Изборот на кандидатите ќе се изврши во рок определен во член 23 од Законот за работните однос.